| Политички студии (осум семестри ) | 15 | 200 | 15 | 400 | | | 30 |
| Политички студии на англиски јазик (осум семестри ) | 20 | 200 | | | | | 20 |
| Криминалистика (шест семестри ) | 20 | 200 | 30 | 400 | | | 50 |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | **105** | **200** | **105** | **400** | **80** | **400** | **290** |
| Финансии и сметководство (осум семестри) | 25 | 200 | 25 | 400 | 20 | 400 | 70 |
| Маркетинг и менаџмент (осум семестри) | 25 | 200 | 25 | 400 | 20 | 400 | 70 |
| Економија и бизнис (осум семестри) | 25 | 200 | 25 | 400 | 20 | 400 | 70 |
| Туризам (осум семестри) | 15 | 200 | 15 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Меѓународен бизнис (осум семестри) | 15 | 200 | 15 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА И ИСХРАНА** | **70** | **200** | **70** | **400** | | | **140** |
| Прехранбена технологија (шест семестри ) | 30 | 200 | 30 | 400 | | | 60 |
| Исхрана (шест семестри ) | 20 | 200 | 20 | 400 | | | 40 |
| Менаџирање со квалитет и безбедност на храна (шест семестри ) | 20 | 200 | 20 | 400 | | | 40 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | **165** | **200** | **185** | **400** | **70** | **400** | **420** |
| Општа медицина (дванаесет семестри) | 40 | 200 | 60 | 400 | | | 100 |
| Стоматологија (десет семестри) | 25 | 200 | 25 | 400 | | | 50 |
| Фармација (десет семестри) | 25 | 200 | 25 | 400 | | | 50 |
| Инфермиерија (шест семестри) | 35 | 200 | 35 | 400 | 30 | 400 | 100 |
| Акушерија (шест семестри) | 20 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| Физиотерапија (шест семестри) | 20 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА - КУМАНОВО** | **60** | **200** | **60** | **400** | **40** | **400** | **160** |
| Бизнис администрација (осум семестри) | 30 | 200 | 30 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| Јавна администрација (осум семестри) | 30 | 200 | 30 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И БИОТЕХНОЛОГИЈА** | **40** | **200** | **20** | **400** | **20** | **400** | **80** |
| Растително производство (осум семестри) | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Животинско производство (осум семестри) - (во мирување) | | | | | | | |
| Агробизнис (осум семестри) | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ НАУКИ** | **110** | **200** | **110** | **400** | | | **220** |
| Градежништво (шест семестри) | 25 | 200 | 25 | 400 | | | 50 |
| *Конструктивна насока* | | | | | | | |
| *Патишта и инфраструктура* | | | | | | | |
| Архитектура (осум семестри) | 35 | 200 | 35 | 400 | | | 70 |
| Мекатроника (шест семестри) | 20 | 200 | 20 | 400 | | | 40 |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќајно-транспортно инженерство (осум семестри) | 15 | 200 | 15 | 400 | | | 30 |
| Геодезија и геоинформатика (шест семестри) | 15 | 200 | 15 | 400 | | | 30 |
| Економско инженерство – (во мирување) | | | | | | | |
| **УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО** | **1350** | | **1325** | | **450** | | **3125** |

## 1.4 Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – ШТИП** | **165** | **100/200** | **25** | **100/400** | **50** | **400** | **240** |
| Правни студии – Штип | 90 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 120 |
| Медиумски студии и односи со јавноста – Штип | 25 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| *Правни студии - Струмица* | *50* | *100* | *10* | *100* | *20* | *400* | *80* |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ШТИП** | **400** | **100/200** | **80** | **100/400** | **80** | **400** | **560** |
| Бизнис економија – Штип | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Маркетинг менаџмент – Штип | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Сметководство и ревизија – Штип | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Менаџмент и претприемништво – Штип | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Финансии – Штип | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| *Финансии – Струмица* | *50* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *70* |
| *Менаџмент и претприемништво – Струмица* | *50* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *70* |
| *Сметководство и ревизија - Струмица* | *50* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *70* |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ - ШТИП** | **90** | **200** | **35** | **400** | **40** | **400** | **165** |
| Одделенска настава | 25 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 45 |
| Предучилишно воспитување | 25 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 45 |
| Историја | / | | / | | / | | / |
| Историја – наставна насока | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| Археологија | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| Педагогија | 20 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 35 |
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ – ШТИП** | **215** | **100/ 200** | **100** | **100/ 400** | **50** | **400** | **365** |
| Поледелство – Штип | 25 | 200 | 10 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| Фитомедицина – Штип | 25 | 200 | 10 | 400 | 5 | 400 | 40 |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Растителна биотехнологија – Штип | 20 | 200 | 10 | 400 | 5 | 400 | 35 |
| *Градинарство – Струмица* | 25 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 40 |
| *Растителна биотехнологија – Струмица* | 15 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 30 |
| *Енологија – Кавадарци* | 20 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 35 |
| *Лозаро-овоштарство – Кавадарци* | 20 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 35 |
| *Фитомедицина – Прилеп* | 25 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 40 |
| *Поледелство – Прилеп* | 25 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 40 |
| УНИВЕРЗИТЕТСКА СТУДИСКА ПРОГРАМА – ШТИП | | | | | | | |
| Биологија – Штип | 15 | 200 | 10 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | **120** | **200** | **34** | **400** | | | **154** |
| Дипломиран музички теоретичар и музички педагог:<br>Модули:<br>– Хорски диригент;<br>– Изведувач на народни инструменти;<br>– Изведувач на етно хармоника;<br>– Изведувач Етно пејач | 30 | 200 | 10 | 400 | | | 40 |
| Дипломиран етнокореолог | 10 | 200 | 5 | 400 | | | 15 |
| Дипломиран музичар изведувач | | | | | | | |
| *Флејта* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Обоа* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Кларинет* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Хорна* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Труба* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Тромбон* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Туба* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Фагот* | 1 | 200 | 1 | 400 | | | 2 |
| *Виолина* | 3 | 200 | 1 | 400 | | | 4 |
| *Виола* | 1 | 200 | 1 | 400 | | | 2 |
| *Виолончело* | 1 | 200 | 1 | 400 | | | 2 |
| *Контрабас* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Гитара* | 3 | 200 | | | | | 3 |
| *Соло пеење* | 4 | 200 | | | | | 4 |
| *Пијано*<br>*Модул:*<br>- *Камерна музика*<br>- *Корепетиција* | 8 | 200 | 2 | 400 | | | 10 |
| Дипломиран џез музичар | | | | | | | |
| *Џез гитара* | 5 | 200 | 1 | 400 | | | 6 |
| *Џез гитара (настава на англиски јазик)* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Џез труба* | 2 | 200 | 1 | 400 | | | 3 |
| *Џез тромбон* | 2 | 200 | | | | | 2 |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Џез саксофон* | 5 | 200 | 2 | 400 | | | 7 |
| *Џез кларинет* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Џез тапани* | 5 | 200 | 1 | 400 | | | 6 |
| *Џез пијано* | 4 | 200 | 1 | 400 | | | 5 |
| *Џез бас* | 3 | 200 | 1 | 400 | | | 4 |
| Дипломиран музичар изведувач на чалгиски инструмент | | | | | | | |
| *Канон* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Ут* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Кларинет* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| *Виолина* | 2 | 200 | | | | | 2 |
| Дипломиран композитор | 3 | 200 | | | | | 3 |
| Дипломиран музичко сценски режисер | 2 | 200 | | | | | 2 |
| **ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА – ШТИП** | **20** | **200** | **10** | **400** | | | **30** |
| Класично сликарство | 10 | 200 | 5 | 400 | | | 15 |
| Вајарство | 10 | 200 | 5 | 400 | | | 15 |
| **ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА – ШТИП** | **10** | **200** | **5** | **400** | | | **15** |
| Современ танц | 10 | 200 | 5 | 400 | | | 15 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА – ШТИП** | **290** | **100/200** | **70** | **100/400** | **90** | **400** | **450** |
| Компјутерско инженерство и технологии – Штип | 100 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 140 |
| Компјутерски науки - Штип | 80 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 120 |
| Бизнис информатика - Штип | 50 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 90 |
| Бизнис информатика (настава на англиски јазик) – Штип | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| Математика - наставна - Штип | 20 | 200 | | | 20 | 400 | 40 |
| *Компјутерско инженерство и технологии - Кавадарци* | *30* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *40* |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ - ШТИП** | **165** | **100/200** | **55** | **100/400** | **70** | **400** | **290** |
| Рударство – Штип | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Геологија – Штип | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Пејсажна архитектура – Штип | 5 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 15 |
| Индустриска логистика – Штип | 10 | 200 | 5 | 400 | 15 | 400 | 30 |
| Инжинерство за заштита на животна средина – Штип | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Дизајн на ентериер и мебел- Штип | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| Географија – Штип | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| *Рударство – Прилеп* | *20* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *30* |
| *Геологија – Прилеп* | *20* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *30* |
| *Индустриска логистика - Кавадарци* | *20* | *100* | *10* | *100* | *15* | *400* | *45* |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | **220** | **100/200** | **85** | **100/ 400** | **75** | **400** | **380** |
| Македонски јазик и книжевност – Штип | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Германски јазик и книжевност – Штип | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Англиски јазик и книжевност – Штип | 60 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 90 |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Турски јазик и книжевност – Штип | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Француски јазик и книжевност – Штип | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| Италијански јазик и книжевност – Штип | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| *Англиски јазик и книжевност – Струмица* | *30* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *50* |
| *Италијански јазик и книжевност – Струмица* | *20* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *40* |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ – ШТИП** | **360** | **200** | **260** | **400** | **140** | **400** | **760** |
| Општа медицина | 80 | 200 | 80 | 400 | | | 160 |
| Дентална медицина | 40 | 200 | 40 | 400 | | | 80 |
| Фармација | 40 | 200 | 40 | 400 | | | 80 |
| Медицински сестри/техничари – тригодишни стручни студии | 40 | 200 | 20 | 400 | 40 | 400 | 100 |
| Физиотерапевти – тригодишни стручни студии | 40 | 200 | 20 | 400 | 40 | 400 | 100 |
| Медицински лаборанти – тригодишни стручни студии | 40 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| Забен техничар/протетичар – тригодишни стручни студии | 40 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| Акушерки | 40 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА** | **300** | **100/200** | **100** | **100/400** | **80** | **400** | **480** |
| Туризам – Гевгелија | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Бизнис логистика – Гевгелија | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| *Бизнис логистика – Скопје* | *70* | *100* | *30* | *100* | *10* | *400* | *110* |
| *Хотелско-ресторантска насока – Скопје* | *40* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *60* |
| *Гастрономија и исхрана – Штип* | *30* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *50* |
| *Хотелско-ресторантска насока - Штип* | *30* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *50* |
| *Туризам – Штип* | *30* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *50* |
| *Бизнис логистика – Штип* | *30* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *50* |
| *Бизнис администрација – Штип* | *30* | *100* | *10* | *100* | *10* | *400* | *50* |
| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - РАДОВИШ** | **95** | **100/200** | **20** | **100/400** | **35** | **400** | **150** |
| Мехатроника и роботика – Радовиш | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| *Автоматика и системско инженерство – Штип* | *25* | *100* | *5* | *100* | *10* | *400* | *40* |
| *Електроенергетика и обновливи извори на енергија – Штип* | *25* | *100* | *5* | *100* | *10* | *400* | *40* |
| *Мехатроника и роботика – Штип* | *25* | *100* | *5* | *100* | *10* | *400* | *40* |
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - ВИНИЦА** | **120** | **100** | **60** | **100** | **20** | **400** | **200** |
| *Индустриско инженерство – Штип* | 20 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 35 |
| *Производно машинство – Штип* | 20 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 35 |
| *Мехатроника - Штип* | 20 | 100 | 10 | 100 | | | 30 |
| *Индустриско инженерство - Струмица* | 20 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 35 |
| *Производно машинство – Струмица* | 20 | 100 | 10 | 100 | 5 | 400 | 35 |
| *Мехатроника - Струмица* | 20 | 100 | 10 | 100 | | | 30 |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – ПРОБИШТИП** | **105** | **100** | **30** | **100** | **30** | **400** | **165** |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Технологија на материјали – Штип* | *15* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *25* |
| *Технологија на текстил и облека – Штип* | *20* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *30* |
| *Дизајн на текстил и облека - Штип* | *20* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *30* |
| *Прехранбена технологија – тригодишни студии – Штип* | *20* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *30* |
| *Технологија на материјали – Прилеп* | *15* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *25* |
| *Дизајн на текстил и облека – Прилеп* | *15* | *100* | *5* | *100* | *5* | *400* | *25* |
| **УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП:** | **2675** | | **969** | | **760** | | **4404** |

### 1.5. Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на Надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО** | **40** | **200** | **20** | **400** | **20** | **400** | **80** |
| Компјутерски науки и инженерство Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 15 | 200 | 8 | 400 | 8 | 400 | 31 |
| Компјутерски науки и инженерство Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 25 | 200 | 12 | 400 | 12 | 400 | 49 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ** | **40** | **200** | **20** | **400** | **20** | **400** | **80** |
| Комуникациски мрежи и безбедност Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 15 | 200 | 8 | 400 | 8 | 400 | 31 |
| Комуникациски мрежи и безбедност Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 25 | 200 | 12 | 400 | 12 | 400 | 49 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА** | **60** | **200** | **30** | **400** | **30** | **400** | **120** |
| Машинска интелегенција и роботика Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 10 | 200 | 8 | 400 | 8 | 400 | 26 |
| Машинска интелегенција и роботика Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 20 | 200 | 12 | 400 | 12 | 400 | 44 |
| е-Влада, е-Бизнис, е-Култура* Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА** | **70** | **200** | **30** | **400** | **30** | **400** | **130** |
| Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 15 | 200 | 8 | 400 | 8 | 400 | 31 |
| Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 25 | 200 | 12 | 400 | 12 | 400 | 49 |
| Развој на компјутерски игри, дигитален дизајн и анимација* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на Надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | | | | | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ** | **40** | **200** | **20** | **400** | **20** | **400** | **80** |
| ***Информациски и комуникациски системи за бизнис и менаџмент*** *Четиригодишни студии (240 ЕКТС)* | 40 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ – ОХРИД** | **250** | | **120** | | **120** | | **490** |

## 1.6 Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ** | **155** | **200** | **75** | **400** | **70** | **400** | **300** |
| **Информатика** *(студиската програма по информатика е акредитирана и на англиски јазик)* | 80 | 200 | 30 | 400 | 30 | 400 | 140 |
| Информатика - наставна | 25 | 200 | 20 | 400 | 15 | 400 | 60 |
| **Применето програмирање** (студиската програма по применето програмирање е акредитирана и на англиски јазик) | 50 | 200 | 25 | 400 | 25 | 400 | 100 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ** | **110** | **200** | **60** | **400** | | | **170** |
| Инженерство на материјали и нанотехнологии | 25 | 200 | 10 | 400 | | | 35 |
| Прехранбени технологии | 40 | 200 | 10 | 400 | | | 50 |
| Агроинженерство | 20 | 200 | 10 | 400 | | | 30 |
| Текстил дизајн и моделирање | 25 | 200 | 30 | 400 | | | 55 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | **265** | **200** | **125** | **400** | **70** | **400** | **460** |
| Електроенергетски системи | 20 | 200 | 5 | 400 | | | 25 |
| Машинско инженерство и менаџмент | 20 | 200 | 5 | 400 | | | 25 |
| Сообраќајно-транспортно инженерство | 30 | 200 | 30 | 400 | | | 60 |
| Мехатроника | 30 | 200 | 20 | 400 | | | 50 |
| Индустриски менаџмент | 25 | 200 | 15 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Економско претприемништво | 70 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 110 |

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инженерство за заштита на работната и животната средина | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| *Профил: Инженерство за заштита на животна средина* | | | | | | | |
| *Профил: Инженерство за безбедност и здравје при работа* | | | | | | | |
| Царина, шпедиција и осигурување | 40 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 90 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА** | **115** | **200** | **40** | **400** | | | **155** |
| Архитектура и дизајн | 70 | 200 | 30 | 400 | | | 100 |
| Градежништво – конструктивна | 25 | 200 | 5 | 400 | | | 30 |
| Геодезија – геоинформатика | 20 | 200 | 5 | 400 | | | 25 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ** | **220** | **200** | **85** | **400** | **95** | **400** | **400** |
| Социјална политика и социјална работа | 70 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 110 |
| *Профил: Социјална работа и политика* | | | | | | | |
| *Профил: Социјална работа и политика со Герантологија* | | | | | | | |
| Интеркултурна комуникација и медиуми | 25 | 200 | 10 | 400 | 15 | 400 | 50 |
| *Профил: Комуникацција* | | | | | | | |
| *Профил: Новинарство* | | | | | | | |
| Спорт и спортски науки | 30 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 70 |
| Балкански и евроазиски студии | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Јавна администрација и управување со човечки ресурси | 45 | 200 | 15 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| **Европски студии** (студиската програма по европски студии е акредитирана и на англиски јазик ) | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| **УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ СКОПЈЕ** | **865** | | **385** | | **235** | | **1485** |

2. Бројот на студенти припадници на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), кои се запишуваат во посебна квота на јавните високообразовни установи во состав на универзитетите од точка 1 од оваа одлука (без поднесување на трошоци за студирање), може да изнесува најмногу 10% од вкупниот број на студенти на ниво на студиска програма.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4883/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2078.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.134/19).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5011/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**2079.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија му престанува користењето на движната ствар - моторно возило со следните карактеристики:

Вид:патничко моторно возило
Марка: Volkswagen
Тип: Polo 9N
Регистарски број/ознака: SK-721-PA
Број на моторот: 287022
Број на шасија:WVWZZZ9NZ7D008453
Година на производство: 2006 година
Работна зафатнина на моторот: 1198 cm3
Сила на моторот: 40 kw
Боја на каросерија: бела

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на времено користење без надомест на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за период од една година од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските на движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5011/2
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**2080.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2019 ), во членот 2, точка а), потточка 2, износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „1.000.000,00“, а во потточка 6, износот „1.450.000 ,00“ се заменува со износот „2.450.000,00“.

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4249/1
4 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2081.**

Врз основа на член 16 ставовите 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/19), во насловот, во првиот пасус и во деловите I, II, III и IV зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

2. Во делот I. Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка, во точката 2. „Показатели на успешност“ табелата се заменува со нова табела, која гласи:

| | Програмата е : √ Хоризонтална | | | | | Вертикална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** |
| | | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Финансиски (МКД)** |
| | | | | | | I год. |
| Скриниг програма | Организација на скриниг програмата во делот на повикување на жени и доставување на одговори и центар за комуникации | Министерство за здравство, Управа за електронско здравство | Институт за јавно здравје Национална комисија | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 700.000,00 |
| Апликација за пристап на услуги од репродуктивно здравје | Изработка на апликација за услуги од репродуктивно здравје | Министерство за здравство, Управа за електронско здравство | Управа за електронско здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 350.000,00 |
| Ситуациона анализа | Изработка на ситуациона анализа за начинот на спроведување на скрининг програмата | Институт за Епидемиологија и Биостатистика – Медицински факултет | Министерство за здравство<br><br>Управа за електронско здравство<br><br>Институт за јавно здравје, Национална комисија | 01.01.2019 | 30.06.2019 | 300.000,00 |
| Мамографски активности | Мамографски активности (снимање,читање, супервизија) | Јавно здравствени установи | Министерство за здравство Национална комисија, Институт за јавно здравје | 01.02.2019 | 31.12.2019 | 2.000.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Контрола на квалитет на сите мамографски центри во ЈЗУ | Експерти од Природно математички факултет ќе вршат континуирана контрола на квалитет на мамографските кабинети кои што учествуваат во програмата | Природно математички факултет | Министерство за здравство<br><br>Национална комисија | 01.02.2019 | 31.12.2019 | 700.000,00 |
| Надградба на софтвер за скрининг | Надградба на софтверско решение со модул за двојно читање и супрвизија | Министерство за здравство | Управа за електронско здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 500.000,00 |
| Организирање на кампања и промотивен материјал | Организација на прес конференција Настапи на стручни лица преку медиумите Организирање на предавања, трибини во разни средини Печатење на плакати, брошури | Институт за јавно здравје | Министерство за здравство | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 60.000,00 |
| Изработка на извештаи | Изработка на квартални и годишни извештаи со епидемиолошки коментари и анализа на состојби | Институт за јавно здравје | | 01.01.2019 | 31.12.2019 | 60.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **4.670.000,00** |

3. Во делот V.„Изготвување на национална епидемилошка студија“ во точка 1.„Вовед“ табелата „Финансирање на програмата“ се заменува со нова табела, која гласи:

| **Реден број** | **Активности** | **Финансиски средства** |
|---|---|---|
| 1. | Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка | 4.670.000,00 |
| 2. | Опуртунистички скрининг за рана детекција на колоректален карцином | 510.000,00 |
| 3. | Скрининг за превенција и рано откривање на рак на грлото на матката | 7.750.000,00 |
| 4. | Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата | 100.000,00 |
| 5. | Изготвување на прва национална епидемиолошка студија за рак на дојка, рак на простата, рак на грло на матка и рак на дебело црево во Република Северна Македонија | 400.000,00 |
| 6. | Исплата на долгови 2016-2018 година | 10.570.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **24.000.000,00** |

Во пасусот по табелата „Финансирање на програмата“ зборовите „Фондот на здравствено осигурување на Македонија“ се заменуваат со зборовите „Фондот на здравствено осигурување на Република Северна Македонија“.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4799/1 Заменик на претседателот
4 јули 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**2082.**

Врз основа на член 108 став (10) од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година, донесе

## М Е Т О Д О Л О Г И Ј А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите („Службен весник на Република Македонија“ бр.156/11, 45/12, 19/13, 177/15, 15/16 и 148/17), во член 2 во ставот 2 зборовите „алинеи 1, 3, 4 и 5 од Законот за лековите и медицинските помагала“ се заменуваат со зборовите „алинеи 1, 4 и 6 и став 4 од Законот за лековите и медицинските средства“.

Член 2

Во член 4 во ставот 1 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Референтни земји, во смисла на оваа методологија, се: Република Словенија, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Србија и Република Грција.“

Член 3

Во член 10 во ставот 2 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“, а зборовите „или последниот 1 октомври” се бришат.

Член 4

Во член 11 во ставот 2 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Ако максималната цена на лекот на големо за лек кој што нема одобрение за ставање во промет во Република Северна Македонија, е пониска од увозната цена на лекот или нема споредбена цена во ниту една референтна земја од член 4 став 2 од оваа методологија, за максимална цена на лекот на големо се зема увозната цена на лекот зголемена за царинските трошоци, трошоците за увоз и маржата за прометот на големо, но не повеќе од 25% од увозната цена на лекот за лековите чија увозна цена е до 10 евра во денарска противвредност или не повеќе од 20% од увозната цена на лекот за лековите чија увозна цена е над 10,01 евра во денарска противвредност или не повеќе од 15% од увозната цена на лекот за лекови чија увозна цена е над 100,01 евра во денарска противвредност.“

Член 5

Во член 12 по ставот 1 се додаваат пет нови става 2, 3, 4, 5 и 6, кои гласат:

„Министерството за здравство, пред објавување на максималната цена на лекот на големо го известува носителот на одобрението за формирана цена на лекот за предлог пресметаната максимална цена на лекот на големо.

Ако носителот на одобрението за формирана цена на лекот даде забелешки на предлог пресметаната максимална цена на лекот на големо во Министерството за здравство се спроведуваат преговори со носителот на одобрението за формирана цена на лекот.

Носителот на одобрението за формирана цена на лекот доставува барање за формирање на цена на лекот на големо и на мало, најдоцна седум дена од денот на утврдување на максималната цена на лекот на големо.

Ако носителот на одобрението за формирана цена на лекот не достави барање во рокот од став 4 на овој член, претходно формираната цена на лекот на големо и на мало престанува да важи.

Максималната цена на лекот што се утврдува согласно став 1 на овој член, не може да биде повисока од постојно утврдената максимална цена на лекот согласно член 11 став 2 од оваа методологија.“

Член 6

Во член 15 во ставот 2 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“, а по зборовите „повисока од“ се додаваат зборовите „85 % од“.

Член 7

По член 15 се додава нов член 15-а, кој гласи:

„Член 15-а

Цената на биолошки сличниот лек на големо се формира во зависност од максималната цена на биолошкиот лек на големо што има одобрение за ставање во промет во Република Северна Македонија, при што формираната цена на биолошки сличниот лек на големо не може да биде повисока од 85% од максималната цена на соодветниот биолошки лек на големо во однос на кој е утврдена сличноста.

Ако биолошкиот лек со кој се споредува биолошки сличниот лек нема одобрение за ставање во промет во Република Северна Македонија, формираната цена на биолошки сличниот лек на големо не може да биде повисока од 85% од средната вредност од двете најниски споредбени цени на соодветниот биолошки лек на големо од референтните земји од член 4 став 2 од оваа методологија.“

Член 8

Во член 16 ставот 2 се менува и гласи:

„Ако носителот на одобрението за формирање на цена на лек достави барање за зголемување на формираната цена на лекот на големо, барањето се доставува преку Министерството за здравство до Комисијата формирана од Владата на Република Северна Македонија, при што со барањето треба да се достави и образложение со изјава на производителот дека цената на лекот е зголемена, важечко одобрение за ставање на лекот во промет и одобрение за увоз (копија), важечко одобрение со формирана цена на лекот (копија), пресметка што укажува на потребата од зголемување на цената на лекот со приказ и на ценовните елементи согласно член 108 од Законот за лековите и медицинските средства, изјава на подносителот на барањето за висината на цените на лекот на големо во референтните земји од член 4 став 2 од оваа методологија, преглед на одобрени цени на големо за истото INN одобрени во Република Северна Македонија и друга документација согласно прописите од областа на лековите и медицинските средства на барање на Комисијата."

Ставот 3 се менува и гласи:

„Врз основа на барањето со потребната документација од став 2 на овој член, може да се формира повисока цена на лекот на големо, заради обезбедување на снабденоста на пазарот со потребните лекови."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Цената на лекот на големо од став 1 на овој член не може да биде повисока од 20% од просечната цена на лекот на големо во референтните земји од член 4 став 2 од оваа методологија."

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

Член 9

Во насловот пред член 17 зборовите „и иновативни лекови“ се бришат.

Член 10

Во член 17 во ставот 1 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

Ставот 2 се брише.

Член 11

Насловот пред членот 18 и членот 18 се бришат.

Член 12

Членот 19 се брише.

Член 13

Во член 20 во алинејата 2 по зборот „промет“ се става запирка и се додаваат зборовите „односно копија од одобрението за увоз на лекот и/или профактура“.

Член 14

Започнатите постапки за одобрување на формирање на цена на лек и за зголемување на формираната цена на лекот на големо пред денот на влегувањето во сила на оваа методологија, ќе завршат според одредбите од оваа методологија.

За одобренијата за формирани цени на лековите што имаат одобрение за паралелен увоз и одобренијата за формирани цени на биолошки сличните лекови издадени пред денот на влегувањето во сила на оваа методологија, носителите на одобренијата за формирани цени на лекови треба најдоцна три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа методологија да поднесат барање за формирање на цена на лекот согласно оваа методологија.

Ако носителот на одобрението за формирана цена на лекот не достави барање во рокот од став 2 на овој член, претходно формираната цена на лекот на големо и на мало престанува да важи.

Ако постоечката цена на лекот што е формирана согласно прописите кои важеле пред денот на влегувањето во сила на оваа методологија е пониска од максималната цена на лекот на големо утврдена согласно оваа методологија, цената на лекот на големо се формира така што се зема постоечката цена на лекот во Република Северна Македонија.

Член 15

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4259/1 | Заменик на претседателот |
| 4 јули 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2083.**

Врз основа на член 182 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), министерот за труд и социјална политика донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВЕЛЕС

1. Се дава согласност на Статутот на Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Велес бр. 02-847/3, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 28.6.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 04-4823/2 | Министер за труд |
| 2 јули 2019 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**2084.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО**
**НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2019 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари - јуни 2019 година, во однос на просечните цени на мало во 2018 година, изнесува -0,1%.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

---

**2085.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО**
**НА ИНДЕКСОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Индексот на трошоците на животот во Република Северна Македонија во првото полугодие од 2019 година (период: јануари - јуни 2019 година) во однос на второто полугодие од 2018 година (период: јули-декември 2018 година) изнесува 0.4%.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019140